# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2024



# ЗА МИСИЈАТА И ВИЗИЈАТА

# ЦПИА

Мисијата на организацијата е да ги оспособи граѓаните – индивидуално и колективно – да го разберат функционирањето на правниот систем и неговото влијание врз секојдневниот живот, со цел зајакнување на нивната правна свест и учество во процесите на донесување одлуки.

Визијата на ЦПИА е да биде објективен и кредибилен ресурсен центар за правни истражувања и анализи, кој обезбедува пристап до релевантни податоци, извештаи и препораки за подобрување на квалитетот на правосудниот систем и владеењето на правото во целина.

# За работата на ЦПИА

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) е независна, непрофитна организација основана во 2012 година, посветена на зајакнување на владеењето на правото, унапредување на пристапот до правда и поттикнување на отчетноста и транспарентноста. Преку истражување, анализа, застапување и едукација, ЦПИА настојува да придонесе кон создавање функционален, инклузивен и правично ориентиран правен систем, во кој човековите права се целосно почитувани и заштитени.

ЦПИА ја гради својата улога како партнер и посредник меѓу граѓаните, институциите и експертската заедница, со цел воспоставување дијалог заснован на доверба, докази и заедничка заложба за подобрување на правната држава. Организацијата активно соработува со правосудните институции, академијата, граѓанското општество и меѓународните партнери, нудејќи експертска поддршка и иницирајќи промени базирани на факти и анализа.

Во текот на своето работење, ЦПИА ја прошири својата дејност преку интеграција на правото со други општествено значајни области, вклучително и заштитата на животната средина, родовата еднаквост, заштитата на личните податоци и приватноста во дигиталниот простор, како и етичкото управување со податоци.

# КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2024

Во текот на 2024 година, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) продолжи со конзистентна имплементација на тековните проекти и започна нови иницијативи во согласност со својата мисија и стратешки приоритети. Работата на организацијата во оваа година беше обележана со проширување на тематскиот фокус, зајакнување на партнерствата и видливо зголемување на влијанието во областа на владеењето на правото, родовата еднаквост, заштитата на личните податоци и животната средина.

## Имплементација на проекти од новата програмска рамка - 2024

„Премостување на родовите стереотипи во правосудството“
(април 2024 – март 2025)

Во текот на 2024 година беа спроведени сеопфатна анализа на родовите аспекти во правосудството и анализа на судски одлуки, со цел да се утврди степенот на присуство на родови стереотипи и нивното влијание врз процесот на одлучување.
Врз основа на добиените резултати, беше изработена нацрт-методологија за препознавање и интегрирање на родова перспектива во судската и обвинителската пракса, а беа организирани и работилници со над 80 правосудни професионалци од различни нивоа на судството и обвинителството.
Се работи на развој на Кодекс на однесување и нацрт законски измени насочени кон промовирање на родовата еднаквост, како и на комуникациска стратегија за подигање на јавната свест за важноста на родовата еднаквост во правосудниот систем.

„Добро владеење во животната средина за Зелена агенда за Западен Балкан“ (јануари 2024 – јануари 2027)

Проектот е финансиран од Европската Унија и се реализира во партнерство со МЗМП и Фронт 21/42, со цел унапредување на владеењето, транспарентноста и отчетноста во областа на животната средина.

Позначајни продукти од проектот:

- Методологија за следење на предмети за животната средина во судовите
- Институционална рамка за заштита на животната средина.
- Развиен курикулум за напредни обуки од областа на еколошката правда.
- Спроведена анализа за квалитетот на амбиентниот воздух и примена на оценката на влијанието на животната средина.
- Подготвен документ за јавни политики за ,,Учеството и улогата на Министерството за внатрешни работи при заштитата на животната средина“
- Подготвен документ за јавни политики за ,,Постигнување на декарбонизација на енергетскиот сектор – правна, стратешка и институционална рамка”

„Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија“
(октомври 2024 – октомври 2027)

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА), во партнерство со граѓанските организации „Civic Alliance“ (Црна Гора), „Civil Rights Defenders“ (Србија) и „Civil Rights Defenders“ (Албанија), започна со имплементација на овој проект. Проектот има за цел да ја унапреди регионалната соработка и размената на знаење меѓу правосудните професионалци во четирите земји, со фокус на примената на Повелбата за основни права на Европската Унија и судските спорови пред Европскиот суд на правда.

„Континуирана и одржлива употреба на алатката за следење на перформансите (АСП) во јавнообвинителскиот систем“ (јули – јануари 2025)

Проект кој овозможи натамошна примена на развиената алатка за следење на перформансите на јавните обвинителства.
Во текот на имплементацијата беа одржани координативни состаноци со обвинителствата, направена ревизија на индикаторите и обезбедена техничка поддршка за континуирано мерење на ефикасноста и ефективноста на работењето.

## Проекти кои продолжија со имплементација од 2023 година

„Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот“ (февруари 2023 – јануари 2025)

Проект кој промовира подобра заштита на личните податоци и дигиталните права во контекст на судските постапки и јавниот сектор.

Во текот на 2024 година, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) спроведе обуки за јавни обвинители и судии, како и обуки за стручните служби во јавните институции, со цел подигнување на нивната свест и капацитети за заштита на приватноста и обработката на лични податоци. Дополнително активно се работеше на организација на TAIEX обука која е планирано да се спроведе во јануари 2025 година.

Беа изработени четири документи за јавни политики поврзани со заштитата на личните податоци, транспарентноста и правото на приватност во дигиталната ера. Во рамки на проектот беа реализирани и активности за лобирање и застапување за измени во Законот за прекршоци, како и заеднички активности со Агенцијата за заштита на личните податоци, насочени кон подобрување на институционалната координација и практичната примена на стандардите за заштита на приватноста. Дополнително, беше спроведена јавна кампања за подигање на свеста кај граѓаните за нивните дигитални права, со цел поттикнување на одговорно и информирано користење на дигиталниот простор.

„Поддршка на македонскиот казнено-правен систем во зголемување на ефикасноста и ефективноста во борбата против организираниот криминал“ (декември 2023 – март 2024)

Проект кој обезбеди анализа на постапувањето по предмети поврзани со сериозен и организиран криминал, со цел идентификување на системските пречки и предлагање конкретни подобрувања.

Во рамки на проектот беа одржани работилници со јавни обвинители и судии, како и специјализирани обуки за финансиски криминал и употреба на крипто-валути во истрагите, насочени кон јакнење на капацитетите на јавните обвинители и истражителите. Финалниот извештај содржи препораки за понатамошно засилување на институционалните механизми за борба против организираниот криминал.



# ПРОЕКТИТЕ
# НИЗ БРОЈКИ

*Активни проекти* 6

20+ *Анализи, документи за јавни политики и прирачници*

*Спроведени обуки и работилници* 15+

8 *Анкети и фокус групи*

***Работни групи и состаноци*** 50+

15+ ***Инфографици***

*Вредност на проектите* 500,000 EUR +

# УСПЕШНА ПРИКАЗНА ЦПИА



**Начелен став на Врховниот суд**
**за повреда на уставното право на здрава животна средина**

Во 2024 година, по иницијатива на Центарот за правни истражувања и анализи, Врховниот суд на Република Северна Македонија усвои начелен став со кој по првпат го призна правото на здрава животна средина – со фокус на правото на чист воздух – како уставно загарантирано индивидуално право.

Овој став претставува значаен исчекор кон унапредување на еколошката правда, зајакнување на правната сигурност и уеднaчување на судската пракса во областа на заштитата на животната средина. Со тоа, се поставуваат темели за посистематска и поефикасна заштита на човековите права поврзани со животната средина во иднина.

# ПЛАНОВИ за 2025

Во текот на 2025 година, Центарот за правни истражувања и анализи ќе продолжи со спроведување на својата мисија за унапредување на владеењето на правото и пристапот до правда, преку активности насочени кон унапредување на правосудниот систем, заштита на човековите права и развој на правни и институционални решенија засновани на докази.

Фокусот ќе биде ставен на неколку приоритетни области: родова еднаквост во правосудството, еколошка правда, владеење на право како и заштита на личните податоци и правото на приватност. ЦПИА ќе продолжи со имплементација на тековните проекти, но и со развивање нови иницијативи во партнерство со меѓународни и домашни организации, институции и академската заедница.

Во 2025 година, ЦПИА ќе продолжи да го зајакнува своето позиционирање како кредибилен партнер на институциите и граѓаните, обезбедувајќи стручна поддршка, правна анализа и промовирајќи отворен, инклузивен и правично ориентиран пристап кон сите прашања од значење за владеењето на правото.